Врз основа на член 17 од Одлуката за работа на Одборот за доделување на Наградата “13 Ноември” на Град Скопје, Одборот за доделување на Наградата “13 Ноември” на Град Скопје, на седницата одржана на 5 јуни 2018 година, распишува

К О Н К У Р С
за доделување на Наградата “13 Ноември”
на Град Скопје, за 2018 година

1. Наградата “13 Ноември” на Градот Скопје се доделува на **физички и на правни лица** како знак на признание на Градот Скопје, за **остварувања,** во стопанството, науката, публицистиката, уметноста, културата, воспитанието и образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот и физичката култура, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други сегменти на животот, трудот и творештвото, што претставуваат **посебен придонес за развојот на Градот и за неговиот севкупен напредок и афирмација** во Република Македонија и во светот.

2. Наградата за значајни остварувања во областите од претходната точка се доделува и на физички и на правни лица **од други држави**.

3. **На ученици и на студенти** Наградата се доделува за творечки труд или континуирани успешни постигнувања во наставните и воннаставните активности што претставуваат посебен придонес за напредокот и афирмацијата на Градот Скопје.

4. Наградата се доделува за остварувања во **изминатиот период од една година** (сметано до завршувањето на конкурсот), како и за подолг изминат период кој претставува **заокружена творечка или континуирана работна целина**.

5. За поединци, група творци, ученици и студенти Наградата се состои од **диплома и паричен износ**.

6. Наградата за правни лица од земјата и за физички и правни лица од други држави се состои од **диплома и плакета**.

7. Право на предлагање кандидати за Наградата имаат правни и физички лица.

8. На поранешен добитник наградата може да му се додели повторно, но не пред истекот на 10 години од добивањето на последната награда.

9. Предлогот за Наградата треба да биде детално образложен, а за кандидатите поединци да содржи и биографија.

10. Кон предлогот за доделување на Наградата за печатени дела и други изданија се приложуваат и два (2) примерока од делото.

11. Конкурсот трае заклучно со 10 септември 2018 година.

Предлагачот е потребно да ги наведе својот полн назив, адресата и телефонскиот број.

Формулар за конкурирање за Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје, може да се подигне во приемната канцеларија на Градот Скопје или да се најде на веб страницата www.skopje.gov.mk.

Предлозите се поднесуваат во 3 примероци до Одборот за доделување на Наградата “13 Ноември” на Град Скопје (Град Скопје-Градски парк бул.Илинден број 82), Приемна канцеларија.

Информации на телефон 3297-358.

ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА
“13 НОЕМВРИ“ НА ГРАД СКОПЈЕ